ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за правни работи**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за правни работи**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

**за изменување на Одлуката за уредување на начинот на плаќање на продадениот удел на Градот Скопје во изградбата на Повеќенаменската спортска сала Борис Трајковски**

Скопје, декември 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02) Советот на Град Скопје на _____ седница, одржана на _______ 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**

за изменување на Одлуката за уредување на начинот на плаќање на продадениот удел на Градот Скопје во изградбата на Повеќенаменска спортска сала Борис Трајковски

**Член 1**

Во Одлуката за уредување на начинот на плаќање на продадениот удел на Градот Скопје во изградбата на Повеќенаменска спортска сала Борис Трајковски („Службен гласник на Град Скопје“ бр.4/17, 15/18, 16/19 и 14/20) членот 2 се менува и гласи:

„Продадениот удел од член 1 на оваа Одлука ќе се плати на четири рати и тоа:

- првата рата во висина од 60.000.000,00 денари најдоцна до 31.12.2019 година,
- втората рата во висина од 60.000.000,00 денари најдоцна до 31.12.2021 година,
- третата рата во висина од 30.000.000,00 денари најдоцна до 31.12.2022 година и
- четвртата рата во висина од 110.491.082,00 денари најдоцна до 31.12.2023 година“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 07- __________
ноември 2022 година

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**О б р а з л о ж е н и е**

Правен основ за донесување на Одлуката е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02), каде е определена надлежноста на Советот за донесување на одлуки.

Изградбата на Повеќенаменската спортска сала во Скопје започна со донесување на Одлука за изградба на повеќенаменска спортска сала („Службен гласник на Град Скопје“ бр.05/03) и Програма за изградба на објекти од јавен интерес сопственост на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.15/03). Врз основа на Програмата, Договорот за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба склучен помеѓу Министерство за транспорт и врски и Град Скопје бр.16-2718/2 од 11.04.2003 година и Одобрението за градење 1-ва фаза издадено во Министерството за транспорт и врски бр.15УП-579/4 од 23.01.2004 година, Град Скопје во текот на јануари 2004 година започна со изградба на Повеќенаменската спортска сала.

Со Одлука за основање на друштво со ограничена одговорност преку статусна промена издвојување на дел од ЈПССДП на РМ („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/06 и 105/06), Владата, преку Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ Дооел Скопје, ги превзема инвеститорските градежни права и обврски од објектот во изградба. Поради тоа, Град Скопје започна постапка за решавање на сопственичките удели на Владата и Градот Скопје во Повеќенаменската сала Борис Трајковски, односно за поврат на инвестиционите вложувања на Град Скопје кои изнесуваат **260.491.082,00 денари.**

Советот на Град Скопје на 20.01.2011 година донесе Одлука за продажба на сосопственичкиот дел на Градот Скопје во Повеќенаменската спортска сала Борис Трајковски („Службен гласник на Град Скопје“ бр.1/11). Врз основа на Одлуката, Градоначалникот склучи договор со кој поблиску се уредуваат односите меѓу двете страни пред се во делот на димаником на плаќање.

Со основниот договор за признавање и плаќање на долг склучен помеѓу Друштвото Борис Трајковски и Град Скопје ОДУ бр.061/2011 се регулирани сопственичките односи помеѓу договорните страни, со кој договор Друштвото Борис Трајковски го признава долгот кој го има кон Град Скопје во висина од 260.491.082,00 денари и се обврзува истиот да го врати на четири еднакви рати со следната динамика:

- Првата рата во висина од 65.122.770,50 ден се обврзува да ја плати најдоцна до 31.12.2011 година,
- Втората рата во висина од 65.122.770,50 ден се обврзува да ја плати најдоцна до 31.12.2012 година,

- Третата рата во висина од 65.122.770,50 ден се обврзува да ја плати најдоцна до 31.12.2013 година,

- Четвртата рата во висина од 65.122.770,50 ден се обврзува да ја плати најдоцна до 31.12.2014 година.

Основниот Договор од 2011 година за признавање и плаќање на долг склучен помеѓу Друштвото Борис Трајковски и Град Скопје досега е менуван со анекси врз основа на одлуки донесени од Советот на Град Скопје бр. 04/17, 15/18, 16/19 и 14/20 и со секоја измена е пролонгиран рокот на исплата на средствата.

Во однос на долгот кој Друштвото Борис Трајковски Дооел Скопје го има кон Град Скопје на 12.02.2019 година, е извршена уплата од 60.000.000,00 денари за прва рата, за втората рата износот од 60.000.000,00 денари е уплатен на 04.05.2021 година, а за третата рата Друштвото изврши уплата во износ од 30.000.000,00 денари на 16.12.2022 година.

Оттаму, Друштво Борис Трајковски Дооел Скопје, до Град Скопје достави Барање бр. 08-13985/1 за делумно одложено плаќање на долгот кој се однесува на третата рата поради настаната енергетска криза во Република Северна Македонија и лошата финансиска состојба на истото. Со барањето доставено од Друштвото Борис Трајковски Дооел Скопје, побарано е да се прифати плаќањето на половина од договорената рата, а остатокот од долгот за 2022 година како и обврската за 2023 година, да ги уплати заедно како четврта рата и наместо 80.491.082,00 денари, долгот за 2023 година ќе изнесува 110.491.082,00 денари и истиот ќе биде платен најдоцна до 31.12.2023 година.

Од причина што начинот и динамиката на исплата е прашање кое се уредува меѓу договорните страни спогодбено, а особено имајќи ја во предвид настанатата ситуација со енергетската криза, со измена на Одлуката за уредување на начинот на плаќање на продадениот удел на Градот Скопје во изградбата на Повеќенаменска спортска сала Борис Трајковски и очигледната намера на Друштвото Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје да продолжи со исплата на договрениот долг, би се овозможило Град Скопје да ги обезбеди сретствата кои ги побарува.

Поради сето наведено, се предлага Советот на Град Скопје да ја усвои Одлуката за изменување на Одлуката за уредување на начинот на плаќање на продадениот удел на Градот Скопје во изградбата на Повеќенаменска спортска сала Борис Трајковски и чиј основач е Град Скопје.